| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | 0 | 148.000 | 148.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 148.000 | 148.000 |
| 404 | Надоместоци | 442.000 | 442.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 442.000 | 442.000 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 442.000 | 442.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 442.000 | 442.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.564.000** | **2.564.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.564.000** | **2.564.000** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 197.000 | 197.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 197.000 | 197.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 72.000 | 72.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72.000 | 72.000 |
| 421220 | Дрва | 65.000 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65.000 | 65.000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 60.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 60.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.144.000 | 1.144.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.144.000 | 1.144.000 |
| 423310 | Униформи | 976.000 | 976.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 976.000 | 976.000 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 60.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 60.000 |
| 423990 | Други материјали | 108.000 | 108.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 108.000 | 108.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.163.000 | 1.163.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.163.000 | 1.163.000 |
| 424190 | Поправки на други возила | 750.000 | 750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 | 750.000 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 413.000 | 413.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 413.000 | 413.000 |
| 425 | Договорни услуги | 60.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 60.000 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 60.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 60.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **800.000** | **800.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **800.000** | **800.000** |
| 480 | Купување на опрема и маШини | 800.000 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 800.000 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 800.000 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 800.000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/2**
**31.03.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ бр.5/02“), а во врска со член 95 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ” бр. 15/15....190/16 и “Сл.весник на РСМ” бр.279/19), а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на РМ” бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 149/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005......64/20), година,

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/20), се врши следната измена и дополнување:

Во глава IV - ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО УРБАНИ ГРАДСКИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ,

-Во подглава **Изградба на системи за водоснабдување износот од** 9.530,000 се заменува со износ од 6.530.000 денари.

-во подглава Изградба на Јавни објекти,

во ставка 6 - Реконструкција на кејот од „Браќа Хаџи Тефови„ до Видое „Смилевски„ износот од 2.000.000 денари се заменува со износ од 4.000.000 денари.

во подглава Изградба на Јавни објекти, вкупниот износ од 34.700.000 денари се заменува со износ од 36.700.000 денари.

-Во подглава Изградба во селски месни заедници - вкупниот износ од 27.070.000 денари се заменува со износ од 25.270.000 денари.

-Во Вкупниот Рекапитулар износот од 180.740.000 денари се заменува со износ од 179.040.000 денари.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.”

**Бр.08-1808/2** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2021 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/3**
**31.03.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за развој на општина Кавадарци за 2021 година („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/2020, 69/21) се врши следното изменување и дополнување :

I. Во Глава 1 -Локален развој/ Регионален развој,

- После под-глава 3, се ДОДАВА нова под-глава 4 која гласи:

„ Проект - "Реконструкција на водоводна линија за краци на улица "Илинденска", крак на улица "Маршал Тито" со асфалтирање во с. Сопот" - Согласно потпишаниот Анекс бр.1 на Договорот за под-заем помеѓу Општина Кавадарци и Министерството за Финансии на 14.02.2020 година за имплементација на под-проектот „Реконструкција на локален пат Ладно Долче-Крњево„ и согласно проектните процедури, на Општина Кавадарци и се доделени дополнителни грант средства во висина од 27% од износот на основниот договор, и тоа средства во висина од 3.152.228 денари. Овие грант средства се насочени кон подобрување на инфраструктурата во посиромашните маргинализирани населби во рамките на општинските надлежности. За таа цел, општина Кавадарци ќе го реализира проектот „Реконструкција на водоводна линија за краци на улица „Илинденска, крак на улица„ Маршал Тито„ со асфалтирање„ во с.Сопот. Со проектот е предвидено да се изврши реконструкција на водоводната линија за краци на улица-Илинденска и крак на улица Маршал Тито во должина од 550 метри, како и асфлатирање на ул.Маршал Тито„.

II. Во Глава 7-Извори на финансирање на Програмата,

- После став 1, се ДОДАВА нов став 2 кој гласи:

"Реконструкција на водоводна линија за краци на улица "Илинденска", крак на улица "Маршал Тито" со асфалтирање во с. Сопот". Вкупната проценета вредност на Проектот „Реконструкција на водоводна линија за краци на улица „Илинденска, крак на улица„ Маршал Тито„ со асфалтирање„ изнесува 5.075.982 денари со вклучен ддв. Средствата во износ од 3.152.228 денари, се обезбедени во вид на грант средства од Министерството за Финансии – Проект за подобрување на општинските услуги а кофинансирањето на Општина Кавадарци изнесува 1.923.754 денари„.

Член 2

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

Член 3

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-1808/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2021 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 5 и член 7 од Законот за комунални дејности од („Сл.весник на РМ” бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.302/2020), член 136 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр. 4/2017 65/20), член 132 став 1

од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005......64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности за 2021 година бр.09-6721/14 од 18.12.2020 („Службен гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/2020, 68/21, 69/21**),** се врши следното изменување и дополнување :

1.**Во глава А – Уредување на просторот,**

-Во точка 2 „ Набавка, транспорт и поставување на урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци, детски играчки за детски игралишта, бина),
во алинеја 4 - „Детски игралишта, играчки, оградување, патеки, гумена подлога„ износот од 10.000.000,00 денари се заменува со износ од 7.150.000,00 денари.

-Во точка 2 вкупниот износ од 13.875.000,00 денари се заменува со износ од 9.325.000,00денари.

-Точка 3 - План за амбиентален воздух , се брише.

**Во глава А - вкупниот износ од 13.875.000,00 денари се заменува со износ од 10.825.000,00 денари.**

**2.Во глава В - Јавно Осветлување**,

-Во точка 2, после алинеја 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:
„Набавка, транспорт и поставување на ново улично украсно осветлување на ул „Илинденска„ од ул„Цано Поп Ристов„ до ул.„Партизанска„ - 1.000.000,00денари„.

**Во глава В - вкупниот износ од 32.100.000,00 денари се заменува со износ од 33.100.000,00 денари.**

**3.Во глава Г - Јавна чистота и зеленило,**

- точка 3 се менува и гласи:
„Изградба и реконструкција на пешачки патеки - 1.159.850,00денари„.

-После точка 5 се додава нова точка 6 која гласи:
„ Набавка на садници за реконструкција на дрворед на ул„Илинденска„ од ул„Цано Поп Ристов„ до ул„Партизанска„ - 640.150,00денари.

**Во глава Г вкупниот износ не се менува .**

4. ВО ВКУПНИОТ РЕКАПИТУЛАР НА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ,
**-Во Глава „А„** износот од 13.875.000,00 денари се заменува со износ од 10.825.000,00 денари,
**-Во Глава „В„** износот од 32.100.000,00 се заменува со износ од 33.100.000,00денари
**- Во Вкупно - износот од 86.875,000,00 денари се заменува со износ од 84.825.000,00 денари.**

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| Бр.08-1808/4 | СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ |
| 30.03.2021 година | Претседател, |
| К А В А Д А Р Ц И | Ристо Сакалиев |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

## за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за Одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година

### Член 1

Во Одлуката за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година со арх.бр.08-1461/3 од 12.03.2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.70/21), се врши следното изменување и дополнување:

„Во член 1 став 2 износот од 15.000.000 денари се заменува со износ од 16.500.000 денари„.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

Бр.08-1808/5
30.03.2021 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Деловник за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/6**
**31.03.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци, а во врска со член 82 став 1 точка 2, од Статутот на Општина Кавадарци, („Сл. Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05...... 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**Деловник**
**за изменување и дополнување на Деловникот**
**на Советот на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Деловникот на Советот на Општина Кавадарци со арх.бр.07-3454/2 од 30.11.2006 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.21/06), се врши следното изменување и дополнување и тоа :

**Во Глава 5. РАБОТА НА СОВЕТОТ, после член 57 се додаваат нови членови:**

„ **Член 57-а**

Дневниот ред со материјалите за седницата, до членовите на Советот се доставуваат по електронски пат, на службената e-mail адреса и друга електронска пошта која е дадена од членот за уредна достава на материјалите.

За свикување на седници во услови на вонредни околности се сметаат: ризик за здравјето на членовите на Советот и останати присутни на седниците, состојби кои се утврдени како постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други поголеми природни непогоди.

**Член 57-б**

Седниците на Советот покрај со физичко присуство (во просторија определена за таа намена), во вонредни околности можат да се одржуваат и од далечина преку конференциска врска со употреба на информатичко комуникациска технологија.

Присуството на членовите на Советот на седниците одржани од далечина, ќе се евидентира во евидентен лист со поединечно прозивање од страна на Претседателот на Советот на секој член како уредно присуство.

Гласањето на членовите на Советот со употреба на информатичко комуникациска технологија, се врши со изјаснување по повикот на Претседателот на Советот со „за„ „против„ „воздржан„ за прашањето за кое одлучува Советот.„

Во останатиот дел Деловникот на Советот на Општина Кавадарци, останува непроменет.

**Член 2**

Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Кавадарци, влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-1808/6** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/7** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14....168/18 и („Сл. весник на РСМ"бр. 32/20), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци (плански период 2016-2026)**

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци (плански период 2016-2026).

Документацијата за донесување на Урбанистички план Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци плански период 2016-2026), е изработена во согласност член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник бр.142/15).

### Член 2

Просторот за кој се донесува Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци плански период 2016-2026), е со вкупна површина од 2,78 ха.

### Член 3

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Урбанистички план за село Бојанчиште Општина Кавадарци (плански период 2018-2028).

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-1645/2 од 25.03.2021 година .

### Член 4

Одлуката за донесување Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци, плански период 2016-2026), ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Урбанистички план за село Бојанчиште Општина Кавадарци (плански период 2018-2028), истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 9215.

**Член 6**

Општина Кавадарци - Урбанистички План вон населено место на Кп.бр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од Кп.бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в Прогонот,КО Глишиќ, Општина Кавадарци плански период 2016-2026), ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-1808/7** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од

планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/8** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија"бр.23/11......190/17), член 132 став 1 точка 2 од Статутот наОпштина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. Барање бр.14-689 од 20.06.2011год. на барателот Ристе Апостолов од Кавадарци со стан на ул„Игман„бр.38,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

   -Викенд куќа,зграда бр.2 изграден во мв„Лазара„на КП бр.2033/1 КО Бегниште.
2. Барање бр.15-436 од 03.02.2016год. на барателот Методи Димов од Кавадарци со стан на ул„Пиринска„бр.16,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- Викенд куќа, зграда бр.1изграден во мв„Брдарови ораи„ на КП бр.3322 и КП бр.3321/2 КО Ваташа.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-1808/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
30.03.2021 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/9 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), а во врска со член 41 од Законот за Градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр. 15/15....190/16 и "Сл.весник на РСМ" бр.279/19), член 2 точка 4 и член 80 и 81-а од Законот за градење ("Службен Весник на РМ" бр. 130/2009....168/2018) , член 132 став 1 од

Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 8/05........64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

### Член 1

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр. 08-6496/20 од 16.12.2020 година, бр.08-888/9 од 17.02.2021 година(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/20), се врши следното изменување и дополнување:

Во Глава 10- Урбана Опрема-

Во точка 2 - после алинеа 5 се додава алинеа 6 која гласи:

„Поставување на покриени и откриени шанкови на 2 локации ( прилог скица ), на место викано - Меморијален Споменик „12 ВАТАШКИ ДРУГАРИ„ ( пешачка патека на кејот на река Луда Мара ). Монтажно - демонтажните шанкови се со димензии од 5 $м^2$ x 3 $м^2$ = 15 $м^2$„.

Прилог скица.

После Глава 12 - Урбана опрема – Фонтани и чешми се додава нова глава 13 koја гласи:

„Типски објекти за обезбедување со димензии $2м^1$ x $2м^1$ = $4м^2$ на следните локации: ул. „1 Мај“ спој со ул. „7ми Септември“, ул. „11ти Октомври“ - Парк „Полана“, ул. „Вељко Влаховиќ“ – паркинг УЈП, ул. „Илинденска“ спој со бул. „Кочо Рацин“.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

### Член 2

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за постапување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-1808/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Согласно член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со актуелната состојба со пандемијата на Коронавирус COVID-19, член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци“ број 8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса**

**Член 1**

Во Одлуката за за ослободување од надоместок за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и намалување на висината на комуналната такса со арх.бр.08-3949/22 од 29.07.2020 година, и Одлуката со арх.бр. 08-370/28 од 29.01.2021 година(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр 58/20 и бр.67/21), се врши следната измена и дополнување :

Во член 1 став 3,
-Текстот „ Од 01.01.2021 година до 31.03.2021 година„ СЕ ЗАМЕНУВА со следниот текст„ 01.04.2021 година до 30.06.2021 година.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-1808/10** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **30.03.2021 година** | **Претседател,** |
| **К А В А Д А Р Ц И** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување во врска со судски предмет П4 бр.12/21, поведен пред Основен суд Кавадарци;**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на судско порамнување во врска со судски предмет П4 бр.12/21, поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/11**
**31.03.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/2020),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на Судско Порамнување во врска со судски предмет П4.бр.12/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судско Порамнување за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П4.бр.12/21, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА ПОРАМНУВАЊЕТО

1. Предмет на ова Судско Порамнување е регулирање на меѓусебните односи помеѓу страните кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци, П4.бр.12/21 за определување на паричен надомест за одземено градежно земјиште на КП 15176/2 за КО Кавадарци, со површина од 35м2, сопственост на Стојев Душко од Кавадарци, со адреса на живеење на ул.„Домовица" бр.18, по имотен лист бр.12720, согласно поднесена Тужба за определување паричен надомест за одземено земјиште, поднесена пред Основен суд Кавадарци со бр. П4-12/21 и геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на КП 15176/2 во КО Кавадарци град со деловоден број 0801-158 од 2020 година изработен од Друштво за геодетски работи и инжинеринг „ГЕОДАТА Инжинеринг "ДООЕЛ Кавадарци и Извештај за проценка на вредноста на недвижниот

имот градежно неизградено земјиште, изготвен од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци бр.12/1 од 15.01.2021 година.

2. Страните на Судското Порамнување се согласни за одземеното земјиште од точка 1 на оваа спогодба тужениот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име паричен надомест да му исплати на тужителот Стојев Душко од Кавадарци, со адреса на живеење на ул.„Домовица" бр.18, износ од по 1.230 ден./м2 односно за 35 м2 надоместок во вкупен износ од 43.050,00 денари, како и трошоците на постапката во износ од 27.080,00 денари, согласно доставен Трошковник од полномошникот на тужителот.

3. Тужителот е согласен во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судското Порамнување, тужениот Општина Кавадарци - Локална Самоуправа да ги плати надоместокот во износ од 43.050,00 денари, како и трошоците на постапката во износ од 27.080,00 денари на трансакциона сметка на тужителот.

4.Ова Судско Порамнување да преставува правен основ за промена на сопственоста во катастарската евиденција од име на тужителот Стојев Душко на име на тужениот Општина Кавадарци-Локална самоуправа , како корисник на земјиштето, предмет на судскиот спор.

5.Ова Судско Порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под П4.бр.12/21.

6.Со потпишувањето на ова Порамнување, страните изјавуваат дека ја прифаќаат неговата содржина и правата и обврските кои произлегуваат од него.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци односно лице ополномоштено од него да го потпише горецитираното судско порамнување, по предметот П4-12/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-1808/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/2020),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност за склучување на судска спогодба е во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.5/21, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци, ВПП.бр.5/21 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од КП.бр.5587/1 м.в.„Домовица", култура гз со новоформирана КП.бр.5587/1 во површина од 233 м2, дел од 5588/1 м.в.„Домовица", култура гз со новоформирана КП.бр. 5588/1 во површина од 394м2 , со право на сосопственост од по ½ на Мечалова Љубица од Скопје, со адреса на живеење на ул.„Ј.Гагарин" бр.17/3/7 и Сузана Камчева од Скопје, со адреса на живеење на ул.„Шекспирова" бр.7/1/6, по имотен лист бр.1318 КО Кавадарци вон град, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-225 од 15.12.2020 година, донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба – дел од улица „Диме Бањански", согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко – планска документација КО Кавадарци вон град (КП.бр.5587/1 и КП.бр.5588/1) со деловоден број 0802-292 од 17.07.2020 година изработен од ТДГР„ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР"ДООЕЛ Кавадарци.

2.Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба, предлагачот Општина Кавадарци-Локална Самоуправа на име правичен паричен надомест да им исплати на противниците износ од по 922,5 ден./м2 односно за 627 м2 надоместок во вкупен износ од 578.408,00 денари.

3. Страните на судската спогодба се согласени надоместокот во износ од 578.408,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судското Спогодба, на трансакциона сметка на противниците и тоа по 289.204,00 денари, додека процесните трошоци во вкупен износ од 24.840,00 денари, согласно доставен трошковник да се исплатат на трансакциона сметка на полномошникот на противниците.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.5/21.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр. 5/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-1808/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.13/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на Судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр.13/21 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/13**
**31.03.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/2020),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.13/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.13/21, поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци П1.бр.13/2021 за исплата на надомест на штета за одземено од владение земјиште со КП.бр.5590/2 во површина од 76 м2 кое претставува дел од КП.бр.5590/2 м.в.„Домовица", култура дм, со право на сопственост на тужителот Коневски Ладо од Кавадарци, ул.„Глигор Прличев"бр.22 , по Имотен лист бр.881 КО Кавадарци – вон град заради градење на улица „Глигор Прличев" - крак. Од страна на тужителот е доставен и Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени Нумерички податоци (за фактичка состојба наулица на кп.бр.5590/2) КО Кавадарци вон град, со деловоден број 0802-403 од 26.12.2019 година, изработен од ТДГР„ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР" ДООЕЛ Кавадарци.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за одземено од

владение земјиште од точка 1 на оваа спогодба во површина од 76 м2, тужениот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа, на име надомест на штета да му исплати на трансакциона сметка на тужителот Коневски Ладо, износ од 1.230,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 93.480,00денари и трошоци на постапката во вкупен износ од 19.124,00 денари, согласно доставен трошковник прилог кон тужбата.

3. Страните на Судската спогодба се согласни надоместокот во износ од 93.480,00 денари и трошоци на постапката во вкупен износ од 19.124,00 денари предлагачот – ОпштинаКавадарци Локална самоуправа да ги плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба.

4. Страните на Судската Спогодба се согласни оваа Судска спогодба да претставува основ за пренос на правото на сопственост во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите од име на тужителотКоневски Ладо на име на тужениот Општина Кавадарци – Локална самоуправа како корисник на земјиштето цитирано во точка 1 од оваа спогодба.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот во предметот кој пред овој суд се води под П1.бр.13/21.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот П1.бр.13/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-1808/13** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.03.2021 година** — **Претседател,**
**Кавадарци** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за ослободување од плаќање на закупнина**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за ослободување од плаќање на закупнина, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.03.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1983/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.03.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 54-та седница одржана на ден 30.03.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на закупнина**

**Член 1**

